Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 13-та седница одржана на ден _.07.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на вршителот на должност, член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење во ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Невзат Муареми.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2026 година донесе Решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со бр. 25-5958/16 од 29.12.2025 година со кое се именува Невзат Муареми.

Согласно 17-ѓ став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26): „Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување“.

Поради истек на шест месечниот мандат на именуваниот член, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

1. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/15
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.490**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година.

Број 08-5959/15
29.12.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се назначуваат тројца вршители на должност за членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес:

- Анета Стевановска Јаневска;
- Невзат Муареми и
- Добривое Пауновски.

2. Мандатот на вршителите на должносттрае до именување на нови членови, но најмногу шест месеци, без можност за продолжување.

3. Ова Решение влегува во силасо денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5958/16
29.12.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.